Врз основа на член 51 став 4 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07 и 130/08),министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОГЛАСИТЕ И ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на огласите и известувањата за доделувањето на договорите за јавните набавки.

**Член 2**

Огласот за доделување на договор за јавни набавка ги содржи следните делови:

-Договорен орган;
-Предмет на договорот за јавна набавка;
-Постапка;
-Правни, економски, финансиски и технички информации и
-Административни информации.

Составен дел на огласот за доделување на договор за јавна набавка е прилогот - Измена на податоците во постапките за доделување на договор за јавна набавка.

Огласот за доделување на договор за јавна набавка со прилогот - Измена на податоците во постапките за доделување на договор за јавна набавка е даден на образец ОДД кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Огласот за конкурс за избор на идејно решение ги содржи следниве делови:

-Договорен орган;
-Предмет на конкурсот за изборот на идејно решение;
-Правни, економски, финансиски и технички информации и
-Административни информации.

Составен дел на огласот за конкурсот за избор на идејно решение е прилогот - Измена на податоците во постапката за конкурс за избор на идејно решение.

Огласот за конкурс за избор на идејно решение со прилогот прилогот - Измена на податоците во постапката за конкурс за избор на идејно решение е даден на образец КИР кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Претходното индикативно известување ги содржи следните делови:

-Договорен орган
-Предмет на договорот за јавна набавка и
-Дополнителни информации.

Претходното индикативно известување е дадено на образец ПИИ кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Известувањето за склучен договор за јавна набавка ги содржи следниве делови:

-Договорен орган;

-Предмет на договорот за јавна набавка;
-Постапка и
-Склучување на договор.

Известувањето за склучен договор за јавна набавка е дадено на образец ИСД кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Известување од конкурс за избор на идејно решение ги содржи следните делови:

-Договорен орган;
-Предмет на конкурсот за избор на идејно решение и
-Прогласување за најдобро рангиран учесник/учесници.

Известувањето од конкурс за избор на идејно решение е дадено на образец ИКИ кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Известувањето за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка ги содржи следните делови:

-Договорен орган и
-Информации за поништувањето.

Известувањето за поништување на постапката е дадено на образец ПДД кој е составен дел на секој правилник.

**Член 8**

Известувањето за поништување на конкурсот за избор на идејно решение ги содржи следните делови:

-Договорен орган и
-Информации за поништувањето.

Известувањето за поништување на конкурсот за избор на идејно решение е дадено на образец ПКИ кој е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Известувањето за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка објавена преку други огласи ги содржи следните делови:

-Договорен орган и
-Информации за поништувањето.

Известувањето за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка објавена преку други огласи е дадено на образец ПДО кој е составен дел на овој правилник.

**Член 10**

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.154/07, 36/08, 67/08 и 134/08).

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија'', а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

**Заменик Претседател на Владата**
**на Република Македонија**
**и министер за финансии**
**м-р Зоран Ставрески**